**РЕПУБЛИК МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број:02-635/37
Датум:21.3.2018 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 230 став 3 од Статутот на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје и член 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 21.3.2018 година, донесе

# ОДЛУКА

## за продолжување на рокот за одбрана на магистерскиот труд

1. Студентите кои пријавиле тема за изработка на магистерски труд должни се да го изработат и предадат магистерскиот труд најдоцна во рок од една година од прифаќање на темата.
2. На барање од студентите од точка 1 на оваа одлука, наставно-научниот совет може да одобри продолжување на рокот од точка 1 на оваа одлука додека траеле причините за спреченост за работа на магистерскиот труд, но не подолго од една година.
3. По истекот на рокот од точка 2 на оваа одлука студентот го губи правото да го брани пријавениот магистерски труд.
4. Студентите на кои им е одобрено продолжување на рокот за одбрана на магистерскиот труд во летниот семестар од учебната 2016/2017 година имаат право да побараат продолжување на рокот најдоцна до одржување на седницата на наставно-научниот совет на ФЕИТ закажана за април 2018 година.
5. Одлуката да се достави до: ННС, веб страницата, продеканот за настава, секретарот, Службата за студентски прашања, општата служба и архивата на Факултетот.

Декан
Проф. д-р Димитар Ташковски